УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) и член 53 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.411/2018), согласно одлуката донесена на 558. седница на Наставно-научниот совет, Деканот на Градежниот факултет Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, распишува:

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
бр. 08/ 718-1
06-10-2025 год.

# ИНТЕРЕН КОНКУРС
## за избор на демонстратори за академската 2025/26 година

**Се распишува интерен конкурс** за избор на демонстратори од редот на студентите на втор и трет циклус на студии, како помошници во наставно-образовниот процес на првиот циклус на студии, а за потребите на Градежен факултет Скопје, и тоа за:

1/ Катедра за механика и материјали - 1 извршител
2/ Катедра за теорија на конструкции и компјутерска анализа - 2 извршители
3/ Катедра за бетонски и дрвени конструкции - 3 извршители
4/ Катедра за метални конструкции - 3 извршители
5/ Катерда за железници – 1 извршител
6/ Катедра за геотехника - 2 извршители
7/ Катедра за геодезија – 2 извршители
8/ Катедра за математика и информатика – 1 извршител

**При пријавување на конкурсот, кандидатите треба да достават:**

- Пријава, во која ќе биде назначена Катедрата за која се пријавува.
- Кратка биографија ( со контакт телефон и e-mail).
- Потврда за редовен студент на втор или трет циклус на студии и уверение за положени испити и остварени кредити на прв циклус на студии.

Документите се доставуваат преку архивата на факултетот и електронски на e-mail: prodekan.nastava@gf.ukim.edu.mk. Конкурсот трае 5 работни дена сметано од денот на објавувањето.

**Пријавените кандидати треба да ги исполнуваат пропишаните критериуми за избор, согласно член 163 од Законот за високото образование:**

- На факултетот, можат да се избираат демонстратори како помошници во наставно-образовниот процес на првиот циклус на студии.
- Демонстратор може да биде лице кое е студент на втор или трет циклус на студии.
- За демонстратор може да биде избран студент кој студиите од првиот циклус (додипломските студии) ги завршил со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум).
- Демонстратор се избира за период од една учебна година, со право да биде реизбран уште два пати на истата единица на универзитетот.
- Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определен со студиската програма и под непосредно раководство на предметниот наставник.
- Факултетот, односно високата стручна школа и демонстраторот склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски. Исплатата на надоместоците за избраните демонстратори се врши од сопствените приходи на факултетот, односно самостојната висока стручна школа, за што не се бара согласност од Министерството за финансии.

Република Северна Македонија
Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Декан на Градежен факултет

Проф. д-р Јосиф Јосифовски

**Датум на објавување на веб страницата на факултетот: 6.10.2025**